# Европска мрежа за минимален приход, извештај

# Република Македонија

## Анализа на шемите за минимален приход во земјите-членки на ЕУ

Автори:
д-р Маја Геровска-Митев -Филозофски факултет, Институт за социјална работа и социјална политика, Скопје
Мила Царовска - Македонска платформа против сиромаштија

Јуни , 2014

Европска мрежа за минимален приход (ЕМИН) е две годишен проект (2013-2014), финансиран од страна на Европскиот парламент и Европската комисија, врз основа на договор бр. VT / 2011/100 Пилот проект - Социјална солидарност за социјална интеграција и промовиран односно спроведен од страна на Европската мрежа против сиромаштија (ЕАПН).

http://emin-eu.net/what-is-emin/

Овој извештај е подготвен од страна на д-р Маја Геровска Митев, Филозофски факултет, Институт за социјална работа и социјална политика, Скопје и Мила Царовска, Македонската платформа против сиромаштија

Овој документ е подготвен за Европската комисија и тоа се ставовите само на авторите. Комисијата не може да биде одговорна за било каква употреба на информациите и содржаната во нив.

***Europe Direct е сервис да ви помогне да ги најдете одговоритена вашите прашања за Европската унија.***

**Бесплатен телефон** (*)**:**

**00 800 6 7 8 9 10 11**

(*) Дадените информации се бесплатни, како што се и повеќето повици (иако некои оператори или хотели може да ви наплатат).

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА
Генерален директорат за вработување, социјални работи и инклузија
Дирекција Д - Европа 2020: социјална политика
Одделение Д.2 - Социјална инклузија и намалувањето на сиромаштијата
Е-пошта: empl-d2-unit@ec.europa.eu
Европската комисија
B-1049 Брисел
Повеќе информации: http://www.ec.europa.eu/social

© Европска Унија, 2014

.

## Содржина


ЦЕЛИ ........................................................................................ 7

МЕТОДОЛОГИЈА.................................................................................... 7

1. Панорама- КРАТОК ОПИС НА ШЕМАТА/ШЕМИТЕ ЗА МИНИМАЛЕН ПРИХОД ..... 8

Општ минимум без придонеси .......................**Error! Bookmark not defined.**

Посебен минимум без продонеси ..................**Error! Bookmark not defined.**

Проценка...........................................**Error! Bookmark not defined.**

Здраствено осигурување...........................**Error! Bookmark not defined.**

Домување. ........................................**Error! Bookmark not defined.**

2. Врска помеѓу правото за социјална интеграција и стратегија за активна инклузија ..................**Error! Bookmark not defined.**

Квалитетен пристап до услуги..............**Error! Bookmark not defined.**

3. Идентификација на пречки при имплементација на шемите за минимален приход. ..................**Error! Bookmark not defined.**

4. Политики на адекватна инклузија ..............................................23

4.1Врска за квалитетни услуги .........................................................24

5.Предложени идни чекори и препораки **Error! Bookmark not defined.**

Референци ......................................................................29

# Листа на табели

Табела 1 - Споредба меѓу активните и пасивните невработени регистрирани во Агенцијата за вработување........................................................**Error! Bookmark not defined.**4

Табела 2 - Споредба меѓу регистрираните невработени лица според нивната етничка припадност во 2012 и 2013 год. ........................ **Error! Bookmark not defined.**

Табела 3 - Домаќинства корисници на социјална финансиска помош, 2011-10........19

Табела 4 - Корисници на социјална помош по етнички групи 1998-2007 **Error! Bookmark not defined.**

Табела 5 - Ефективност на системот за социјална заштита за намалување на сиромаштијата преку социјални трансфери ........ **Error! Bookmark not defined.**

### Цели на извештаите

Врз основа на искуството од изготвувањето на извештаите во 5-те посочени земји, извештаите ќе бидат изготвени и во останатите 26 земји (сите земји-членки на ЕУ, вклучувајќи ги Србија, Исланд, ФИРОМ и Норвешка). За таа цел е изготвен симплифициран образец.

Извештаите ќе бидат изготвени врз основа на постоечките истражувања и анализи од кои ќе биде изготвен извештај на национално ниво, за моменталната состојба на шемите за минимален приход во смисла на адекватноста, покриеноста и опфатот во нивната земја. Тие ќе бидат изготвени од извештаите на националните независни експерти за социјална инклузија од 2009 година и извештаите од 2013 за активна инклузија во мрежата на ЕУ, како и на скорешните податоци од МИССЦЕО и МИССОС. Сите извори ќе бидат поднесени во база на податоци. Во извештаите исто така ќе бидат посочени и пречките поврзани со адекватноста, покриеноста и опфатот на шемите за минимален приход. Релевантните чинители ќе постигнат договор со цел да ги утврдат почетните практични чекори кон прогресивна реализација на соодветни и прифатливи шеми за минимален приход во земјите-членки. Идентификацијата на соодветните чекори кои ќе бидат преземени е главниот исход од дијалогот во кој учество ќе земат релевантните чинители засегнати за изготвување на овој извештај. Исто така, извештаите ќе бидат искористени за да се утврдат заедничките трендови и да се подготви теренот за ЕУРОПЕАН ФОЛЛОУ УП во смисла на предлози за заеднички дефиниции, критериуми и можни идни чекори за понатамошна соработка на оваа тема на ниво на ЕУ.

### Дефиниција на проектот

За целта на овој извештај, шемите за минимален приход се дефинирани како шеми за основен приход за издржување кој им овозможува сигурност на оние кои не можат да работат или пак не можат да добијат пристојна работа, на оние кои не се подобни за примања од социјалното осигурување или пак оние за кои овие права се истечени. Тоа се шеми за крајно решение кои би им осигурале минимален животен стандард на лица и сите оние кои зависат од нив во услови кога немаат никаков друг извор на финансиска поддршка. Доколку во земјата постојат неколку шеми за минимален приход за различни групи, во тој случај предност ќе им биде дадена на шемите за минимален приход за работоспособната популација.

### Методологија

Методологијата за изготвување на извештаите вклучува два пристапа:

1. Истражувања од канцеларија употреба на секундарни извори, особено за деловите 1 и

2. Интервјуа со релевантните партнери, особено во деловите 3 и 4.

Релевантните чинители треба да ги вклучат и релевантните јавни власти, давателите на услуги, социјалните партнери, НВО, креаторите на политиките на различни нивоа и во себе да имаат вклучено луѓе кои живеат од минимален приход или пак се лица кои имаат корист од примањето на минималната поддршка.

### Содржина

1. Панорама: краток опис на шемата/шемите за минимален приход

2. Врската помеѓу минималниот приход и другите два столба за активна инклузија

3. Утврдување на пречките за имплементација на нацртите за соодветен минимален приход

4. Предлози за следни чекори за подобрување на адекватноста, покриеноста и/или опфатот на шемите за минимален приход

# 1. Панорама: краток опис на шемата (шемите) за минимален приход

Оваа поглавје ќе биде пополнето од страна на координаторот на политиката. Тимовите се поканети да додадат коментари ако е потребно.

1.1.1 Општ преглед: опис на шемата (шемите) за минимален приход: различни шеми за различни групи (работоспособни возрасни, стари, млади луѓе, инвалиди итн.). Начини на управување (национално, регионално, локално ниво). Општа шема или категоризирана. Парични надоместоци или во натура или и двата. Темелни начела.

1) **Општ минимум без придонеси**

Парична социјална помош која обезбедува финансиска помош за лица или домаќинства кои не можат да си обезбедат средства за егзистенција со цел да им се осигураат основните потреби на ниво на минимален животен стандард. Разликата во придонесите се утврдува според имотната состојба, односно според приходот на домаќинството.

2) **Посебен минимум без придонеси**

- Постојана парична помош

Фиксната исплата има цел да обезбеди средства за живот на лица кои немаат доволно егзистенцијални средства и се неспособни за работа.

- Финансиска помош на мајка за четврто живородено дете

Помошта треба да ја подобри приходната страна на многудетните семејства.

Правото на двете шеми, и општата и посебната шема, е лично право и не е утврдено според правото за одлучување (дискреција). Овие шеми се организирани на национално ниво и се управувани од центрите за социјална работа.

Социјалната парична помош е додаток на сите приходи во домаќинството сè додека вкупниот приход во домаќинството е под сумата на социјалната помош.

Барателите треба да имаат побарано од сите други можни извори на приходи пред да им биде даден минимумот.

Правото нема да им биде одобрено на лицата кои не побарале поддршка од лицето кое е легално обврзано да им обезбеди поддршка.

Правото може да биде комбинирано со сите видови помош кои не подлежат на проценката за имотната состојба.

1.1.2 Услови за стекнување на минимумот: кои се условите за добивање на минималниот приход (националност, место на живеење, старост итн.)? Недостаток на финансиски извори, сопственост, имотна состојба. Подготвеност за работа или обука.

Корисници:

1) **Општ минимум без придонеси**

Лица кои се способни за работа и социјално незгрижени, како и членови на нивното семејство.

Правото може да го има само еден член од семејството.

2) **Посебен минимум без придонеси**

- Постојана парична помош

Лица кои не се способни за работа и немаат доволно егзистенцијални средства како што се: лица со инвалидитет, ментална болест или пак со трајни последици по нивната здравствена состојба, самохрани мајки во текот на бременоста еден месец пред породувањето, самохрани родители со деца помали од 3 години, деца кои се редовни студенти и постари луѓе.

Парична помош на мајка за четвртото живородено бебе,

која ќе биде исплатена на жени кои родиле живородено бебе по 1 јануари 2009, но не пред да ја достигнат старосната граница за пензија од 62 години.

Без услови според националност

Трајно живеалиште

Старост:

1) **Општ минимум без придонеси**

Без услови

2) **Посебен минимум без придонеси**

- Постојана парична помош

Постари: преку 65 години старост

Инвалиди: од 18-годишна возраст

Млади луѓе: до нивниот 15-ти или 26-ти роденден; без услови за старост за останатите корисници

- Парична помош на мајка за четврто живородено бебе

По 62 години старост

Имотна состојба:

1) **Општ минимум без придонеси**

Целиот приход и имот заработени или во сопственост во последните три месеци од сите засегнати членови на домаќинството, пресметани за еден месец.

Основен услов е низок приход и неможноста да се подобри со сопствен труд (работа, употреба на имот или друг вид приоритетни побарувања).

2) **Посебен минимум без придонеси**

Предвиден за лица без приход или ако приходот од сите извори по член од семејството е понизок од 5.000 ден. (62% од минималната плата) приспособен на трошоците за живот (стапка на инфлација) и немаат имот или имотни права кои би можеле да обезбедат поддршка.

Следниве средства се условени за двете шеми:

а) Стварно право (недвижнини)

Правото не им е одобрено на лица кои:

Можат да се издржуваат со продавање или изнајмување имот кој не се користи како нивни единствен имот за живеење;

Поседува куќа/стан, куќа во изградба или викендица, бизнис-простор.

б) Лична сопственост (подвижен имот)

Барателот не треба да поседува подвижен имот кој може да биде извор на приход (возило кое може да има комерцијална намена, комбајн или трактор, регистрирано моторно возило, да има во сопственост или под закуп обработлива земја со површина поголема од 7.000 метри квадратни, добиток и заштеда поголема од 50.000 ден.).

в) Приход и (други) бенефиции

Приходот вклучува: плати, сите видови пензии, исплати за невработени, приходи од имот или други имотни права, приход од земјоделие, субвенции за земјоделци, приход врз основа на привремена работа во странство, алиментации, дивиденди или камати од заштеди, инвалиднина, помош за родители за трето дете.

Наведеново не се смета за приход во домаќинството: исплата за физичка повреда, детски додаток, специјален додаток (парични средства обезбедени за деца со посебни потреби), постојана парична помош (применлива само при барање социјална парична помош), паричен надоместок за помош и нега, финансиски надоместок за трошоците на згрижувачките семејства, еднократна парична помош или сличен трансфер, еднократна парична помош за новородено дете, алиментација за дете до 5.000 ден.

Неодамнешните измени во процедурите за социјална помош вклучуваат услов, сите корисници на социјална помош можат да аплицираат само со лична карта.

Подготвеност за работа и обука: Види 1.5

Висина на просечна плата: диференцијација за одредени типови домаќинства, заедници, самци, деца, старосни групи итн.

Општ минимум без придонеси:

Во зависност од големината на домаќинството, вкупниот месечен приход на домаќинство заработен во последните три месеци мора да биде понизок од сумата на социјалната парична помош за даденото домаќинство, на пр. едночлено домаќинство: вкупен месечен приход < MKD 2.223 (28% од минималната плата); двочлено домаќинство – вкупен месечен приход < MKD 3.046 (38% од минималната плата); тричлено домаќинство – вкупен месечен приход < MKD 3.869 (48% од минималната плата); домаќинство од четири члена – вкупен месечен приход < MKD 4.692 (58% од минималната плата); домаќинство од пет или повеќе члена – вкупен месечен приход < MKD 5.515 (69% од минималната плата).

Единица според која се пресметува помошта е домаќинството. Ги вклучува членовите на семејството и другите роднини (кои не се обврзани да заработуваат за себе) кои придонесуваат и трошат заедно.

Влијанието на семејниот состав

За да се пресмета висината на помошта се зема заработениот приход и имотот кој пак е во сопственост на членовите на домаќинството во последните три месеци. Висината варира според големината на домаќинството.

Врската помеѓу сумата која се исплаќа на едночлено домаќинство и сумата која се исплаќа на семејство со 2, 3, 4 и 5 члена, е математички соодветна.

Едночлено домаќинство 100%

Домаќинство со 2 члена 37%

Домаќинство со 3 члена 75%

Домаќинство со 4 члена 111%

Домаќинство со 5 члена 148%

Пресметката се врши врз основа на номиналните вредности кои се еднакви на 2.223 денари за еден член од домаќинството (глава на домаќинството, на пример барателот на помошта) приспособени на инфлацијата од претходната година. За секој следен член од домаќинството основицата расте за коефициент од 0,37 до петтиот член во домаќинството.

Целосната сума се исплаќа во првите три години, а 50% од четвртата година па натаму.

Сумата на примената помош е еднаква со разликата помеѓу сумата на пресметаната социјална парична помош и вкупниот приход на домаќинството.

Пример за брачна двојка со две деца на возраст 5 и 10 години; и двата родитела се невработени.

Месечната сума на социјалната парична помош за ова семејство би била 4.692 ден. минус вкупниот приход што го има семејството.

Посебен минимум без придонеси

Приходот од сите извори по член од семејството мора да биде понизок од 5.000 ден. (62% од минималната плата) приспособен на трошоците за живот (стапка на инфлацијата).

Единица за пресметка на помошта е семејството кое го сочинуваат членовите кои се законски обврзани да заработуваат за себе.

Сумата на помошта се зголемува за одредена сума доколку во семејството има членови кои не се способни за работа.

- Постојана парична помош

Основа за пресметка на помошта е сума од 2.223 ден. Ова почетно ниво (или основица) се зголемува со коефициент од 1,5 по примател и може дополнително да се зголеми зависно од бројот на коприматели; на пр. за примател со еден кокорисник сумата се зголемува за коефициент од 0,4, за примател со двајца кокорисници дополнително се зголемува за коефициент од 1.

Кокорисник е член на семејството, носител на правото кој е неспособен за работа, вклучувајќи и дете до 18 год. или пак до 26 год. доколку е редовен студент.

Помошта се исплаќа на месечно ниво.

- Парична помош на мајка за четврто живородено бебе

Фиксна исплата на сума од 8.312 ден. (103% од минималната плата)

1.4 Времетраење: дали има временско ограничување шемата за минимална плата? Дали постојат редовни повторни проценки?

Нема ограничување сè додека се исполнуваат условите.

Правото подлежи на обновување на годишно ниво со приложување докази кои се однесуваат на состојбата на приходот во домаќинството и неговата големина.

1.5 Условеност: поднесување апликација, информација за личната состојба, прашања за социјалната положба, способноста за работа итн.

### Проценка:

Програмите за социјална помош се раководени од страна на центрите за социјална работа кои се територијални единици за одредување социјална помош.

Апликациите можат да се поднесат во центрите за социјална работа кои се задолжени за одредена урбана или рурална општина.

Сите апликанти треба да ја пополнат апликацијата заедно со документите издадени од институциите кои би го докажале правото на апликантот.

Социјалниот работник во Центарот за социјална работа го интервјуира апликантот/корисникот користејќи опширен прашалник, го советува за видот на помошта, потребната документација, врши проценка на индивидуалните околности и одлучува за правото на апликантот/корисникот.

Се вршат домашни посети за сите видови помош со цел да се изврши проценка на приходот, имотот и условите за живот на барателот/корисникот, како и за бројот на членовите во семејството.

Понатаму, конечната одлука за постојаната парична помош, меѓу другото, е базирана и на одлуката на специјално формираната комисија која спроведува домашни посети и притоа врши проценка за неможноста за извршување основни животни функции.

Способност за работа и обука:

Општ минимум без придонеси

Членовите на семејството кои се способни за работа, секој месец мора да се пријавуваат во Центарот за социјална работа и мора да прифатат каква било соодветна работа (сезонска работа, привремени задачи и сл.), како и обука или квалификација која ќе им биде понудена од страна на Агенцијата за вработување.

Секој месец корисникот на социјална помош е обврзан да помине 5 работни дена за активности кои се организирани од општините, јавните институции или јавните претпријатија.

1.6 Врска со другите социјални бенефиции: комбинација со други олеснувања или можност за плата. Додатна социјална помош за домашни трошоци, струја, медицински трошоци, семеен додаток итн.

Здравствено осигурување:

Доколку е потребно, лицето има право на здравствено осигурување кое го обезбедува Фондот за здравствено осигурување. Преку него, сите членови на семејството имаат право на здравствена грижа. Во овој случај придонесите за здравственото осигурување ги покрива државниот буџет.

Корисниците на постојаната парична помош се иземени од плаќањето партиципација при користење на здравствени услуги.

За семејствата со ниски приходи, горната годишна граница за коплаќање за специјалистички и консултативни прегледи и болничко лекување е на ниво кое е пониско од 70% од минатогодишната просечна нето-плата во државата.

Иземени се од плаќање партиципација над дефинираната горна граница.

Домување:

Правото на социјална помош за социјално домување се одобрува на лица кои се сметаат за социјален ризик и кои немаат дом.

Лица со социјален ризик се:

корисници на постојана парична помош и сираци или деца без родителска грижа на возраст од 18 до 26 години по завршувањето на старателството.

Парична помош за социјално домување (за корисници на постојана парична помош) треба да биде одобрена од страна на надлежната општина.

Парична помош за социјално домување (за лица кои до 18-та година имале статус на дете без родители и/или родителска грижа) е финансирана од страна на државниот буџет и сумата на помошта зависи од материјалниот и семејниот статус на корисникот (мора да биде под 5.690 ден. по член од семејството).

Трошоците за кирија се покриени со следниве суми:

- 4.064 ден. за индивидуа;

- 6.096 ден. за двочлено семејство;

- 8.128 ден. за семејство со три и повеќе члена.

Трошоците за кирија и комунални услуги (електрична енергија, греење, вода и ѓубретарина) се покриени со следниве суми:

- 1.526 ден. за индивидуа;

- 2.032 ден. за двочлено семејство;

- 2.540 ден. за семејство со три и повеќе члена.

Корисниците на социјална парична помош и постојана парична помош имаат право на субвенција за потрошувачката на енергија. Тоа е паушална месечна исплата (600 ден./7% од минималната плата) со која се покриваат дел од трошоците во домаќинството, поврзани со потрошувачката на енергија (електрична енергија, греење итн.).

2. Врска помеѓу правото за социјална интеграција и стратегијата за активна инклузија

2.1 Инклузивни пазари на труд: дали е воспоставена блиска врска помеѓу помошта и мерките за актвирање? Дали се условени минималните приходи од помошта повеќе од подготвеноста да се учествува во обука или работни нацрти и кои се можните влијанија? Дали се заменети новите работни места или обуки со корисниците на минимална помош?

Врската помеѓу помошта и мерките за активирање се формално утврдени со процедурите на социјална заштита/социјална помош и Законот за вработување. Спецификите на пазарот на трудот во земјата, нискиот образовен профил на корисниците на социјална помош, како и слабото финансирање на мерките за активно вработување ја прават транзицијата од социјална помош до работа не толку едноставна. Исто така, карактерот на мерките за активирање може да се опише како строг затоа што активирањето не е од волонтерски карактер, туку предвидува прекин на социјалната помош/помош до вработување доколку мерките за активирање не се прифатени од корисникот.

Невозможна е анализа на активирање на корисниците на социјална помош затоа што не постојат јавно достапни податоци само за корисниците. Интервјуата со експертите исто така не дадоа подетаљна слика бидејќи Агенцијата за вработување, која е одговорна за реализација на мерките за активирање, не ги категоризира корисниците според нивниот социјален статус, туку исклучиво според нивното образование, место на живеење,

времетраење на статусот - невработен итн. Задолжителното активирање на примателите на социјална помош во јавниот сектор не претставува конкурентност нудејќи редовна работа со пониски плати, бидејќи таквите работни места не се сметаат за атрактивни и ретко водат кон трајно вработување. Тешко е да се постигне успех со вакви мерки за активирање во услови на мала понуда на работни места, а висока побарувачка и зголемена конкуренција, при што во предвид се зема и големата бројка на невработени со високо образование. Понатаму, недоволното финансирање на мерките за активирање на пазарот на труд (0,12% од БДП) и недостаток на континуитет во нивното следење (ФОЛЛОУ АП) и евалуација дополнително го спречува нивното ефективно спроведување.

Исто така, важно е да се истакне дека поради промените во Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на РМ" 153/2012 ), се смени и регистрирањето на невработените од страна на Агенцијата за вработување. Промените воведоа разлика помеѓу невработените лица (кои активно бараат работа и се обврзани да се пријават во Агенцијата секој месец) и други невработени лица кои бараат работа (не се јасно дефинирани во Законот, но индиректно се упатува на тоа дека се лица кои се пријавуваат на секои шест месеци и лица кои два пати одбиле понуда за работа од страна на Агенцијата). Добиените податоци од директни контакти со некои од ранливите групи (Геровска-Митев, 2013) упатуваат на тоа дека најголемиот број од невработените Роми поради недостаток на свест или недоволна информираност биле пререгистрирани како други невработени кои бараат работа (што може да се види и од падот на процентите, и тоа 62% во Тетово и 90% во Штип). Промената од активни во пасивни регистрирани невработени ги дисквалификува од можноста да ги користат мерките за активно вработување. Како што беше наведено претходно, нема достапни податоци кои корисници на социјална помош спаѓаат во активни и пасивни невработени. Нивото на помошта и времетраењето на правото за помош за невработени не се поврзани со оваа категоризација. Категоризацијата единствено влијае врз можноста за пристап на активните мерки за вработување.

Табела 1 Споредба меѓу активните и пасивните невработени регистрирани во Агенцијата за вработување

| | 11/2012 | 12/2012 | 01/2013 | 02/2013 | 03/2013 | 04/2013 | 05/2013 | 06/2013 | 07/2013 | 08/2013 | 09/2013 | 10/2013 | 11/2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Други невработе-ни лица (пасивни)* | *0* | *419* | *4603* | *24536* | *82351* | *122644* | *125431* | *126740* | *127845* | *129138* | *130282* | *130094* | *120626* |
| *Невработе-ни лица (активни)* | *245122* | *243403* | *237596* | *215730* | *154460* | *108769* | *98727* | *97000* | *94641* | *92987* | *91293* | *92799* | *95279* |

Извор: Агенција за вработување, 2013

Пазарот на труд не може да се опише како инклузивен затоа што има многу групи кои се исклучени од него. Официјалните статистички податоци покажуваат дека стапката на невработеност е највисока кај младите луѓе (15-24) или 53,9% во 2012 година. Податоците од административните извори (Агенција за вработување на РМ, декември 2012 г.) покажуваат дека при споредба на бројката на регистрирани невработени според нивната етничка припадност и вкупната бројка припадници на таа етничка заедница во земјата, најмногу исклучени од пазарот на трудот се Ромите (16,7% регистрирани невработени Роми од нивната вкупна бројка во земјата). Бројката на регистрирани невработени лица од албанската етничка заедница во декември 2012 г. била 10,09% од вкупниот број етнички Албанци во земјата. Како дополнување, лицата со најниско постигнато образование (недовршено основно

образование или само со основно образование) се најмногу застапени помеѓу регистрираните невработени лица и кај нив стапката на невработеност е највисока.

Табела 2: Споредба меѓу регистрираните невработени лица според нивната етничка припадност во 2012 и 2013 год.

| | 11/2012 | 12/2012 | 01/2013 | 02/2013 | 03/2013 | 04/2013 | 05/2013 | 06/2013 | 07/2013 | 08/2013 | 09/2013 | 10/2013 | 11/2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Други невработени лица (пасивни)* | 0 | 419 | 4603 | 24536 | 82351 | 122644 | 125431 | 126740 | 127845 | 129138 | 130282 | 130094 | 120626 |
| *Невработени лица (активни)* | 245122 | 243403 | 237596 | 215730 | 154460 | 108769 | 98727 | 97000 | 94641 | 92987 | 91293 | 92799 | 95279 |

Извор: Агенција за вработување на РМ, Статистика за невработени лица според нивната националност, статус 31.12.2012 и 30.9.2013

Како што претходно беше истакнато, спектакуларниот пад на регистрирани невработени се должи на нивната категоризација како пасивни невработени. Така можните работодавци кои бараат работна сила, при пребарување на базата на податоци од Агенцијата за вработување немаат пристап до бројката на пасивни невработени.

Дополнително, треба да се истакне дека постои значаен степен на неформален пазар на труд во земјата. Тој во многу случаи ја спречува ефективноста на социјалните програми и придонесува невработените да се најдат во стапица на сиромаштијата. Имено, корисниците на социјална помош (или други регистрирани невработени лица) повеќе би се одлучиле да примаат социјална помош (истовремено имајќи непријавена работа), отколку да учествуваат во активните програми за вработување базирани на минимална плата и краток временски рок. Официјалната проценка на неформалниот пазар на труд во земјата за 2012 г. (според истражувањето на Labor Force) покажува дека 22,5% од вработените се неформално вработени.

Политиките и мерките пропишани во Националните активни планови за вработување (најскорешни 2011-2013 ), Опертивниот план за активни програми и мерки за вработување (најскорешен за 2014 година) имаат цел да го подобрат вработувањето на оние кои имаат потешкотии да се најдат на пазарот на труд. Анализите на овие мерки, особено оние на Оперативниот план покажуваат неколку вида на предлог-програми: (1) самовработување; (2) субвенции за вработување; (3) давање земјоделски површини на корисниците на социјална помош; (4) практиканство и обука; (5) општокорисна работа. Мерката која се однесува на давање земјоделско земјиште подразбира регистрирање на корисниците на социјална помош како самостојни земјоделци за период од 12 месеци. Мерката опфаќа: исплата на полната сума на социјална помош и сумата за придонеси (за пензиско, здравствено и осигурување за невработени). Оваа мерка во Оперативниот план за 2014 год. опфаќа квота од само 26 корисници на социјална помош. Мерката која се однесува на општокорисна работа ги вклучува не само корисниците на социјална помош туку сите невработени лица. Во период од 6 месеци вработените ќе бидат вклучени во извршување активности кои општините ги акцентираат како приоритетни. За таа работа ќе примаат минимална плата од 6.000 ден. (97 евра). Бројот на невработени лица кои би биле вклучени во оваа програма, за 2014 година изнесува 100 регистрирани невработени лица.

Активните програми за инклузивен раст се фокусирани на следниве ранливи категории: корисници на социјална помош, деца без родители или родителска грижа, жртви на семејно насилство, бездомници, поранешни нарко-зависници, родители на деца-питачи, самохрани родители, родители со повеќе од четири деца, Роми, долгорочно невработени и др. Иако е долга листата на утврдени ранливи групи, сепак вистинската бројка на понудени програми за ранливите категории не е во согласност со нивната вкупна застапеност. На пример, само 100 невработени лица од ранливите категории можат да аплицираат за програмите за субвенции во споредба со 500 места кои им се нудат на другите невработени лица. Ова упатува на тоа дека поради недостатокот од активни мерки понудени од страна на Агенцијата за вработување постои општа квота по дадена програма, како и субквота за учество на ранливите групи во програмите.

Според министерот за труд и социјална политика , во периодот 2007-2013, преку низа различни активни програми и мерки за вработување биле вклучени вкупно 54.958 невработени што резултирало со 30.524 вработувања. Но, не е утврдено колку од овие вработувања биле ефективни (доколку лицата се сè уште вработени), ниту пак која е бројката на корисници на минималната помош кои со оваа мерка биле опфатени.

Изнесени се две нови шеми за обука за 2013 и 2014 година. Првата е насочена кон корисниците на социјална помош. Со цел да се поттикнат работодавците да ги вработат невработените лица кои се корисници на социјална помош, државата обезбедува субвенции за работодавецот во висина од 80% од сумата за социјална помош. Државата, исто така, му гарантира на нововработениот корисник на социјална помош минимална плата во период од две години, со обврска на работодавецот да го задржи нововработениот уште две последователни години.

Активната мерка насочена кон младите луѓе, главно, е поврзана со намалување на трошоците за вработување на работодавецот доколку вработи младо лице кое е регистрирано како невработено (на возраст до 29 години) во период од 12 месеци. Во текот на овој период работодавецот ќе биде изземен од плаќање на придонесите за нововработениот (27% од бруто-платата) и на персоналниот данок на приход (10% од бруто-платата).

Како дополнение, Владата исто така усвои Акциски план за справување со сивата економија (2014). Планот вклучува сет од мерки кои треба да се реализираат со заеднички напори на Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување, Министерството за образование итн. Некои од утврдените мерки за справување со сивата економија во земјата вклучуваат: подобрување на прописите за сезонска работа, воведување систем за евиденција на вработените во странските земји, поддршка за отпочнување бизниси, кампањи против работа во сивата економија итн.

2.2. Квалитетен пристап до услугите: дали се подобрува или влошува пристапот кон услугите? Дали растат цените? Дали е намален пристапот до услугите, особено поради кризата и можните мерки за штедење?

Територијалната достапност на социјалните услуги во земјата е релативно добра, секој поголем град има Центар за социјална работа, Центар за вработување, локална единица на Фондот за здравствено осигурување, како и локална единица на Фондот за пензиско осигурување. Што се однесува до здравствените услуги, примарните здравствени установи се многу подостапни, за разлика од секундарните и терцијарните здравствени установи кои се достапни само во поголемите градови. Позитивен развој во последните години може да се забележи во отворањето нови предучилишни установи, особено насочени кон ранливите групи, како што се заедниците каде живеат ромски деца, како и во повеќе периферни локални заедници.

Покрај физичката и територијалната достапност, пристапот до социјалните услуги зависи и од условеноста на критериумите. Во овој поглед постојат докази за воведување построги критериуми кои водат кон намалување на бројот на корисници на социјална помош или намалување на бројот на корисници на помош за невработени. Споредбата на трендовите за користење социјална парична помош покажува дека од 2008 год. бројот на корисници опаднал, односно од 62.019 во јануари 2008 г. се намалил на 34.008 во декември 2012 г.

(податоци од Министерство за труд и социјална политика за 2012 год.). Ваквиот спектакуларен пад не е резултат на намалување на сиромаштијата или пак стапката на невработеност, туку е резултат од воведувањето построги критериуми за стекнување на правото на помош. Меѓу другите критериуми, вклучени се и: многу почеста и построга контрола, како и добивање на документите по електронски пат кои претходно биле поднесени од самите аплликанти. Како што посочуваат претставниците на центрите за социјална работа, тоа ги намалува можните манипулации и фалсификувањето на документите.

Како одговор на глобалната економска криза, Владата донесе серија антикризни пакети за 2008 година. Последниот пакет од осум социоекономски мерки претставен од Владата во јуни 2012 година, за цел ги има поддршката на животниот стандард, трошоците и можностите за вработување на социјално најранливото население. Меѓу другото, вклучени се и: (1) иницијативи за вработување: една програма за јавно корисна работа за 4.000 регистрирани невработени лица, една програма за самовработување на 1.000 невработени лица преку заеми за отпочнување сопствен бизнис, една програма за практиканство за 1.000 невработени млади лица, една програма за давање обработлива земјоделска површина на корисниците на социјална помош (проценети 1 – 1.500 корисника ); (2) зголемување на антикризната социјална помош: зголемување на субвенциите за енергетска сиромаштија од 600 МКД на 700 МКД по лице (домаќинство) месечно (од 9,83 на 11,47 ЕУР); како и (3) поддршка за деца кои живеат во социјално ранливи семејства: платен летен/зимски одмор од 7 дена за деца помеѓу 10 и 13 години; ваучери за компјутери за студенти од социјално ранливите семејства (корисници на социјална помош, деца без родители или родителска грижа).

Овие мерки со задоволство беа поздравени од граѓанските организации чии членови се главни корисници (клубови на пензионери, младински организации итн.). Кога ќе се земат предвид практичните проблеми поврзани со некои од овие мерки (кои постоеле во минатото, на пр. субвенциите за енергетска потрошувачка), може да се каже дека тие претставуваат занемарлив одговор на порастот на социјалната и економската нееднаквост и ексклузија во земјата. Исто така, она што е забележително е фактот дека овие мерки не се резултат на какво било систематско набљудување на кризата, туку тие се преземени од проектите или плановите кои се во тек, претходно предвидени од Владата.

Имплементирањето на Охридскиот рамковен договор (ОРД) што треба да овозможи подобрување на пристапот на етничките заедници до социјалните услуги не е забележано. Охридскиот рамковен договор (ОРД) не е искористен од страна на општините ниту за привлекување повеќе финансии од централната власт, ниту за подобрување на човечките ресурси на локално ниво, ниту пак за поддршка при обезбедувањето на социјалните услуги за обесправените заедници. Во таа смисла, ОРД може да игра важна улога во намалувањето на разликите меѓу ранливите етнички заедници и остатокот на населението.

Ефективноста од дадените социјални услуги не е редовно набљудувана ниту евалуирана. Последните податоци на Државниот завод за статистика (јануари 2014) покажуваат дека ефективноста од социјалниот трансфер (освен пензиите) е многу мала. Имено, стапката на сиромаштија во државата (27,1 % во 2011) е намалена главно преку пензискиот систем (ефект врз намалување на сиромаштијата од 33,54%), додека останатите социјални трансфери освен пензиите (социјална помош, помош за невработени итн.) само незначително ја намалуваат стапката на сиромаштија за дополнителни 13,41%. Тоа укажува дека помошта е погрешно насочена и не стигнува до оние на кои најмногу им е потребна или, пак, сумата на помошта е премногу мала и е недоволна за да ги извлече луѓето од сиромаштија.

Графикон 1: Пад на сиромаштијата (во проценти) како резултат на социјалните трансфери




Извор: Сопствена пресметка врз база на истражувањето на СИЛЦ, Државен завод за статистика на Република Македонија 2014 г.

## 3. Идентификација на пречките при имплементацијата на шемите за минимален приход

1. Покриеност и опфат: дали има проблеми кои се однесуваат на покриеноста (националност, место на живеење)? Мигранти кои транзитираат преку земјата до својата целна дестинација, баратели на азил, нерегистрирани мигранти, бездомници.

Дали има достапни податоци на лица кои имаат право и оние кои навистина го користат тоа право? Оние што не го користат правото. Можни пречки при користење на правото (недоволна информираност, сложеноста на системот, условите, дискреционата природа на помошта, помошта е многу мала во споредба со времето потребно и напорот при аплицирање, недостаток на поддршка при аплицирање, страв од стигмата итн.).

**Покриеност и опфат**

### 3.1 Покриеност и опфат

Според бројот на домаќинства кои користат социјална парична помош, статистиката покажува тренд на континуирано опаѓање на домаќинствата кои примаат социјална помош. Во периодот од 2008 до 2012 година, бројот на корисници на социјална помош опаднал за 36,50%. Но, ова не може да се смета како намалување на потребата од социјална помош, туку како поголемо заострување на условите за нејзино добивање и поинтензивни процедури за проценка на имотот. Во 2012 година, бројот на домаќинствата корисници на социјална помош изнесувал 5,97% од вкупниот број домаќинства во државата. Според геогрaфската покриеност, региони во кои просечната бројка на домаќинства кои се корисници на социјална помош била поголема се Полог и североисточниот регион. Има региони во кои се бележи голема распространетост на непријавени работни места што може да биде фактор за поголема потреба од дополнителна парична поддршка.

Табела 3: Домаќинства корисници на социјална финансиска помош, 2011-10

**Т-25: Корисници на социјална парична помош**

**T-25: Recipients of social cash benefits**

| Региони | Носител на домаќинството (број на домаќинства) Head of household (number of households) | | Членови на домаќинството (заедно со носителот) Household members (together with the household head) | | Regions |
|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно total | жени women | вкупно total | жени women | |
| **2011** | | | | | **2011** |
| **Вкупно** | **36 991** | **8 410** | **153 385** | **68 050** | **Total** |
| Вардарски | 2 654 | 542 | 7 706 | 3 569 | Vardar Region |
| Источен | 2 558 | 850 | 10 599 | 4 773 | East Region |
| Југозападен | 3 454 | 612 | 14 702 | 5 618 | Southwest Region |
| Југоисточен | 1 702 | 202 | 5 938 | 2 812 | Southeast Region |
| Пелагониски | 3 904 | 1 344 | 11 683 | 5 474 | Pelagonia Region |
| Полошки | 8 952 | 1 278 | 32 470 | 15 931 | Polog Region |
| Североисточен | 4 688 | 797 | 20 695 | 8 693 | Northeast Region |
| Скопски | 9 079 | 2 785 | 49 592 | 21 180 | Skopje Region |
| **2012** | | | | | **2012** |
| **Вкупно** | **33 717** | **7 219** | **133 539** | **61 574** | **Total** |
| Вардарски | 2 397 | 589 | 6 817 | 3 266 | Vardar Region |
| Источен | 2 284 | 835 | 9 599 | 4 429 | East Region |
| Југозападен | 3 139 | 552 | 12 213 | 5 828 | Southwest Region |
| Југоисточен | 1 702 | 313 | 6 169 | 3 308 | Southeast Region |
| Пелагониски | 3 884 | 596 | 12 111 | 5 577 | Pelagonia Region |
| Полошки | 7 679 | 1 128 | 26 906 | 13 266 | Polog Region |
| Североисточен | 4 191 | 731 | 18 195 | 7 772 | Northeast Region |
| Скопски | 8 441 | 2 475 | 41 529 | 18 128 | Skopje Region |

Извор: Државен завод за статистика, Социјална заштита на деца, млади и возрасни лица, 2012-2013

Структурата на корисниците на социјална помош по одредени карактеристики (националност, возраст итн.) во моментот е недостапна од страна на владините извори. Исто така, недостатокот на податоци од пописот (последниот спроведен попис е во 2012 год.) ја спречуваат подетаљната анализа.

Според податоците составени со поддршка на СПИЛ проектот на Светска банка, за периодот 1998-2007, одредените карактеристики за корисниците на социјална помош според нивната етничка припадност, образование и статусот на пазарот на труд ја даваат следнава слика:

Уделот на етничките Македонци корисници во периодот 1998-2007 опаѓал, и тоа од 46,8% на 33,5% во септември 2007. Во истиот период, уделот на етничките Албанци растел од 25,4% на 37%. Кај останатите етнички групи нема значајни промени, па така во септември 2007 Албанците биле најголема група корисници на помош. Општини со најголем број корисници биле Тетово, Куманово, Прилеп и Скопје-Чаир. Промените во бројот на корисници во различни општини се резултат на различни причини. Општиот пад на бројот на корисници на социјална помош може да се претстави како резултат на заострената контрола и построгите услови за остварување на правото. Од друга страна, порастот на бројката за помош кај

албанските корисници може да е резултат на процесот на децентрализација, а особено со Охридскиот рамковен договор, поради кој имаше зголемен број ентички Албанци вработени во центрите за социјална работа. Тоа можеби индиректно ги охрабрило поголем број од оваа етничка група да побараат ваква помош.

Табела 4: Корисници на социјална помош по етнички групи 1998-2007

| | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 Септември |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 46,8 | 42,6 | 40,7 | 40,7 | 37,7 | 36,7 | NA | 39,5 | 38,6 | 33,5 |
| Албанци | 25,4 | 32,8 | 31,7 | 30,2 | 30,4 | 29,7 | NA | 33,5 | 34 | 37,0 |
| Роми | 14,1 | 12,1 | 11,4 | 11 | 10,7 | 12,1 | NA | 12 | 12,6 | 14,1 |
| Турци | 7,9 | 7 | 6,6 | 6,5 | 6,3 | 6,9 | NA | 6,2 | 6,2 | 6,4 |
| Други | 5,9 | 5,5 | 9,6 | 11,6 | 14,8 | 14,6 | NA | 8,8 | 8,6 | 9,0 |
| Вкупно | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | NA | 100 | 100 | 100 |

Извор: Спил, 2008

Околу 97,2% од корисниците биле регистрирани како невработени. Ова е нето-раст во споредба со 1998 година кога биле регистрирани само 77,5% невработени. Преку една третина од корисниците по глава во домаќинството се без квалификации, 23,6% имаат само основно образование и 16,1% имаат средно образование (податоци од СПИЛ, 2008).

Според прикажаните бројки може да се процени дека социјалната заштита не ги покрива сите категории на кои им е потребна, како што се вработените со низок приход и постарите. Пристапот до шемите за социјална помош може да е проблематичен за лицата кои немаат лична карта или пак не се регистрирани како жители на одредени општини. Ова се основните документи потребни при аплицирање за социјална помош. За жал, многу лица од социјално ранливите групи (особено Ромите, но и други кои мигрирале во земјата, како лицата од Косово и останатите кои немаат статус на жител) не ги поседуваат овие документи. Бегалците од Косово, но и Ромите, Горанците, Бошњаците имаат пристап до шемите за социјална помош само доколку имаат потврда за траен престој или пак се регистрирани како имигранти, односно побарале азил (според Законот за азил и привремена заштита од 2009). Барателите на азил имаат право на социјална помош до две години, при што сумата изнесува 18% од просечната нето-плата за едно лице, 23% од просечната нето-плата за две лица и 30% за семејствата кои бараат азил со повеќе од две лица во семејството.

Причините за неопфатеноста на социјалната помош скоро и да не се анализирани, освен во Студијата (Борнарова, Геровска-Митев, 2009) поврзана со социјалната ексклузија на постарите. Според ова истражување „причините за некористењето на социјалната помош меѓу постарите лица може да се групираат во три групи: 1) одбивање на апликациите; 2) бариери за влез и 3) стигма". Како проблеми за неопфаќањето посочени од постарите лица се: недостаток на информации за правото на социјална помош, недостаток на знаење како да се аплицира за социјална помош, недостаток од потребните документи, како и недостаток на поддршката при изготвувањето на потребните документи (види стр.25).

Покрај тоа, треба да се забележи дека и трошоците за аплицирање за социјална помош можат да придонесат за неопфатеноста. Иако се направени подобрувања со цел да се намали бројот на документите потребни за аплицирање за социјална помош, како и службеното преземање на документите меѓу јавните агенции и социјалните служби, сепак некои од потребните

документи (на пр. потврда за поседување имот од Агенцијата за катастар на недвижности, потврда за приходот на целото семејство од Управата за јавни приходи) сè уште претставуваат значаен финансиски товар за оние кои аплицираат за помош.

Конечно, измената поврзана со аплицирање за социјална помош само со лична карта требаше да го подобри пристапот до социјалната помош. Сепак, таа може да биде пречка за некои од ранливите категории кои немаат документи за идентификација (на пр. Ромите).

Повеќето од горенаведените причини упатуваат на тоа дека не е лесно да се допре до шемите за социјална помош и дека постои потреба од поголема поддршка и олеснување од социјалните работници и администрацијата со што социјалната помош би била подостапна.

2. Адекватност: Критериуми и методологија за утврдување на адекватноста на минималниот приход. Утврдени според минималниот праг за помош при ризик од сиромаштија (60% од среден приход) или според други, социјална помош, минимална плата, животен стандард. Користење на референтни буџети. Усогласување на механизмите (индекс, други) во согласност со порастот на инфлацијата, животниот стандард итн.

### Адекватност

Сумата на социјалната парична помош е навистина мала (40 ЕУР месечно за едно лице во 2014 год.). Таа изнесува 11% од просечната нето-плата исплатена во јануари 2014 (21.327 МКД; 345 ЕУР), 21,2% од просечната исплатена пензија во 2013 (11.565 МКД, 187,5 ЕУР) и 30,4% од минималната плата во 2013 (8.050 МКД, 130,50 ЕУР).

Висината на социјалната парична помош е исто така помала од утврдениот праг на сиромаштијата. Во 2011 година прагот (утврден на еквивалентни 60% од средниот приход) беше утврден на 63.692 МКД или 1.032 ЕУР (еквивалентно на годишниот приход по лице). Споредбата помеѓу висината на прагот на сиромаштијата (5.037 МКД или 86,03 ЕУР) и социјалната парична помош (2.451 МКД или 40 ЕУР) по лице на месечно ниво во 2011 година покажува дека социјалната парична помош е помала од половината на утврдениот праг на сиромаштија. Исплатата на толку ниски суми на социјална парична помош директно влијае врз растот на лица кои живеат под прагот на сиромаштија. Поради тоа треба да се направат напори за да се спречи влезот во програмите за социјална помош на оние кои не се сиромашни (оние кои работат на црно и чии приходи не се пријавени, како и оние кои примаат пари од странство), но во исто време да се зголеми висината на социјалната парична помош за да овозможи пристоен животен стандард за оние кои живеат под прагот на сиромаштија.

Висината на социјалната помош се утврдува на годишно ниво според растот на трошоците за живот, објавени од Државниот завод за статистика.

Официјалните претставници исто така сметаат дека висината на социјалната помош е многу ниска. Според претставник од Министерството за труд и социјална политика:

„Висината на социјалната помош не е соодветна со трошоците на едно домаќинство, проценети од страна на релевантните државни институции. Сумата на социјалната парична помош е многу пониска од онаа потребна за задоволување на основните потреби. Вредноста на потрошувачката кошница утврдена од Заводот за статистика не е земена предвид при утврдување на висината на социјалната помош.‟

Слично на тоа, претставник од Центарот за социјална работа истакнува:

„Висината на социјалната парична помош е премногу мала и не ги задоволува условите за нормален живот. Висината на социјалната помош придонесува за фактот дека нејзините корисници живеат во сиромаштија.‟

Фокус-група од претставниците на корисниците на социјалната помош или невработените исто така го искажуваат своето незадоволство од висината на помошта која ја примаат:

„Како некој со две деца да преживее од социјална помош од 2.500 МКД (40 евра)? Работам на црно како чувар, но постојано стравувам да не бидам фатен и со тоа да ми се укине социјалната помош. Но, што да правам, морам да заработувам за живот."

– Самохран родител, невработен

„Мојата социјална помош изнесува 1.100 МКД (18 евра). Ако ја поделам сумата, не ми останува ни денар дневно. Јас сум крводарител и се трудам да бидам хуман, но државата не е хумана кон нас."

- Ром

„Примам социјална помош, но немам електрична енергија во домот веќе 3 години. Никој од Центарот за социјална работа не дошол да види како живеам.

- Ром

Претставниците на организациите за граѓанско општество кои беа вклучени во дискусијата со фокус-групата, го истакнаа истото:

„Висината на социјалната помош е премногу мала и не го задоволува основниот квалитетен живот."

„Доколку ја споредите сумата на социјалната помош со сумата потребна за потрошувачката кошница, јасно е дека корисниците на социјалната помош можат да ги задоволат само дел од потребите."

„Корисниците на социјална помош понекогаш даваат повеќе пари за приложување на потребните документи од сумата на месечната помош која ја примаат."

3. Ефективност: Влијанието на програмите за минимален приход за спречување и намалување на нивото на сиромаштијата и нејзиниот интензитет. Ефективност

Податоците на ЕУ СИЛЦ во Македонија укажуваат дека сите трансфери го немаат истиот ефект за намалување на сиромаштијата во домаќинствата. Општите ефекти од социјалните трансфери за антисиромаштија во Македонија се 42,6% што е помалку од просечниот ефект против сиромаштијата во ЕУ од 61,45% (пред и по социјалните трансфери). Пензиите имаат најголем ефект во намалувањето на сиромаштијата во Македонија (33,4%), додека останатите социјални трансфери меѓу кои и социјалната помош, само незабележително придонесуваат за понатамошното намалување на сиромаштијата (13,41%). Овие проценти се базираат на вкупното население.

Табела 5: Ефективност на системот за социјална заштита за намалување на сиромаштијата преку социјални трансфери

| Во проценти | Македонија (2011) |
|---|---|
| Ризик од сиромаштија пред социјалните трансфери | 47.1 |
| Ризик од сиромаштија по пензиите | 31,3 |
| Ризик од сиромаштија по социјалните трансфери | 27,1 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија (2014)

Нискиот ефект на системот за социјална заштита споредeн со просечниот на ЕУ, прикажан во други студии (Caminada and Goudswaard,, 2009, Hermann et al., 2008) може да е резултат на

малата социјална потрошувачка во земјата. Податоците на ЕССПРОС не се достапни за Македонија, а како еден од индикаторите за застапеност може да се земе пресметката на Светска банка за јавна потрошувачка на социјална помош како процент од вкупниот БДП (Светска банка 2012). Според овие податоци, Македонија троши 1,1% од БДП на корисниците на социјална помош. Споредбено, ова е помалку од сите околни земји со кои Македонија имала ист систем за социјална заштита до 90-тите (Хрватска - 3,85% од БДП, БиХ - 4%, Словенија - 3% и Србија -2%).

Според независно и репрезентативно истражување поврзано со сиромаштијата и социјалната ексклузија меѓу домаќинствата во Македонија, корисниците на социјална помош се најмногу погодени од сиромаштијата. Имено, анализата покажува дека според изворот на приходи во домаќинствата, сиромаштијата е највисока меѓу оние домаќинства кои живеат од социјална помош (90,6%), потоа следат оние со приходи од земјоделството (57,4%) и оние со приходи од привремена работа (57,3%) (Геровска-Митев 2012, стр.36).

## 4. Политика на активна инклузија

4.1 Врска со инклузивните пазари на труд: Колку се корисни шемите за минимален приход во интегрирањето на пазарот на труд? Ефективност во обезбедување поттик за работа. Користење мерки за активирање, специјална работа или програми за обука. Можни поттикнувачки и не толку поттикнувачки фактори за минималниот приход (стапица на сиромаштијата). Врска со инклузивните пазари на труд

Врската со инклузивниот пазар на труд е воспоставена преку обврската на корисникот на социјална помош да бара работа. Сепак, може да се каже дека оваа врска е со повеќе казнен отколку поддржувачки карактер. Имено, доколку примателот на социјална помош одбие понуда за работа (без оглед дали работата е соодветна на способностите на корисникот), тој ќе го изгуби правото на социјална помош во следните 12 месеци.

Корисниците на социјална помош можат да бидат ангажирани за општокорисна работа до пет работни дена во месецот или за друг вид сезонска работа за која има потреба општината во која живее корисникот. Во текот на работниот ангажман (доколку трае повеќе од пет дена) социјалната парична помош не се исплаќа. Сумата ќе се исплати откако ќе се заврши работниот ангажман на корисникот.

Според Оперативниот план за активни мерки за вработување за 2014 г. (Влада на Република Македонија, 2014) има девет различни видови програми и мерки за вработување. Корисниците на социјална помош можат да бидат вклучени во три вида програми и мерки за вработување вклучувајќи: програма за субвенционирање на вработување, програма за субвенционирање за плодоуживатели на државно земјоделско земјиште, обука кај работодавец со субвенционирано вработување. Може да се каже дека многу малку од активните мерки за вработување се насочени кон корисниците на социјална помош и тие се насочени само кон оние без квалификации. За илустрација, Програмата на Агенцијата за вработување за 2014 г. посочува дека со Програмата за субвенционирано вработување во 2014 г. ќе бидат опфатени 587 невработени лица, од кои 80 се од ранливите категории.

Новост е и користењето на Conditional Cash Transfer Facility programme (i.e. its budget) поддржана од Светската банка, а наосочена кон вработувањето на млади лица (до 29 години) кои доаѓаат од семејства корисници на социјална помош. Оваа програма ги таргетира токму оние млади луѓе кои биле корисници на ЦЦТ во текот на средното образование. Овие млади луѓе треба да се регистрирани во Агенцијата за вработување како активни невработени лица за да се стекнат со правото за користење на оваа програма. Програмата финансиски го поддржува младиот невработен, како и неговиот можен работодавец во периодот од шест месеци, при што работодавецот има обврска да го задржи вработениот дополнителни шест месеци. Финансиската поддршка за младиот невработен изнесува 14.000 МКД (227 евра месечно), додека поддршката за работодавецот и неговите трошоци околу обуката и/или други административни трошоци изнесуваат 3.000 МКД (50 евра месечно). Оваа програма претставува значајно продолжување на првата генерација ЦЦТ програма (за средно образование) и може да претставува силна мотивација за младите невработени лица. Но, ограничениот обем на програмата (само 125 млади невработени ќе бидат поддржани) е негативен фактор затоа што многу од невработените нема да бидат во можност да аплицираат (или поради недостатокот на понудени места или поради условот активно барање работа).

Како за илустрација, годишно околу 10.000 семејства користат ЦЦТ за средно образование. Од овие 10.000 семејства (деца) само 1,25% ќе бидат во можност да ја искористат оваа програма за поддршка при вработување.

Системот за социјална заштита во Македонија повлекува многу дестимулирачки фактори кои го спречуваат преминот од благосостојба до работа. Имено, за оние кои заработуваат каков било приход (од сезонска работа или друг вид приход) висината на социјалната помош се намалува за висината на нивниот приход или пак целосно им се укинува (доколку приходот е поголем од висината на социјалната помош). Ова е стапица на сиромаштијата за корисниците на социјална помош со што им се забранува адекватен минимален приход.

**Според претставниците на граѓанските организации:**

„Активирањето на корисниците на социјална помош кои не се систематски насочени и третирани, е долготраен проблем. Имаме проблем со социјалната ексклузија на корисниците на социјална помош, делумно поради нивното самоисклучување и делумно како резултат на општествената дискриминација."

4.2 Врска за пристап до квалитетни услуги: мерки за подобрување на пристапот до медицинска помош, социјалните служби, детска грижа, домување, енергија, транспорт.

**Врска за пристап до квалитетни услуги**

Корисниците на социјална помош исто така се поддржани при нивниот пристап или пак при издатоците потребни за одредени јавни услуги, како образованието, вработувањето и здравствената грижа.

За поддршка на инклузијата во средно образование на деца кои живеат во социјално ранливите семејства, се користи грант од Светска банка (кондиционал кеш трансфер) кој овозможува скромна парична субвенција (1.000 МКД или 16,2 евра на месечно ниво) на сите средношколци чии родители се корисници на социјална помош која им се исплаќа доколку се редовни ученици.

На полето на образованието, од 2009 год. Владата обезбедува бесплатни учебници за сите ученици. Со оглед на тоа дека основното и средното образование се задолжителни, ваквата мерка придонесува за поддршка на семејниот буџет, особено за оние кои живеат од минимални приходи. Исто така, воведувањето на кондиционалниот кеш трансфер е дополнително финансиско олеснување за сите корисници на социјална помош кои имаат деца средношколци, а со тоа би се обезбедила и нивната редовност во образовниот процес.

За корисниците на социјална помош (оние кои се невработени и пензионерите) им се обезбедени (сини) картони за бесплатна здравствена грижа, како и пристап до примарната здравствена заштита.

Агенцијата за вработување на сите регистрирани невработени лица им ги нуди следниве услуги:

- Обука и доквалификација;
- Професионално насочување;
- Работни клубови (отворени канцеларии, работилници, иднивидуални планови за работа итн.);
- Иницијативи за вработување на инвалидни лица.

Посебната поддршка поврзана со корисниците на социјална помош е веќе опишана во претходниот дел и се однесува на активните мерки за вработување насочени кон младите

невработени лица до 29 години, како и мерките за активно вработување насочени кон останатите корисници на социјална помош.

Поддршката во натура, за корисниците на социјална помош не е обезбедена на трајно ниво. Таа зависи од изворите на финансии, донациите и им се обезбедува во зимските месеци – поддршка за огрев, облека, како и за време на одредени празници – Божиќ, Велигден итн.

Субвенции за енергија во износ од 600 МКД/10 евра за поддршка на трошоците за енергија им се исплаќа на најранливите домаќинства кои се корисници на социјална помош.

Во дискусијата со корисниците на социјална помош, официјалните претставнци, како и претставниците на граѓанските организации истакнати се голем број предизвици при реализација на активните мерки за вработување.

Дискутирајќи за показателите за опфатот на корисниците на социјална помош со активните мерки за вработување, претставникот од Агенцијата за вработување истакна:

„Како Агенција, ние немаме точен показател. Можеме да обезбедиме податоци поврзани само со мерката за субвенционирано вработување со која се опфатени и дел од корисниците на социјална помош. Општо, не сме задоволни со опфатот на оваа група, а причините за негово подобрување можат да се согледаат со поефикасна комуникација помеѓу центрите за социјална заштита и подигањето на свеста кај корисниците на социјална помош, како и со зголемување на интересот кај работодавците. Инаку, висината на субвенцијата за вработување не е мала, таа изнесува 14.000 МКД (227 евра) за плата на вработениот и 3.000 МКД (49 евра) за трошоци на работодавецот во времетраење од шест месеци, под услов работодавецот да го задржи нововработениот во период од една година. Ова е единствената активна мерка за која се врши категоризација на корисниците (доколку се корисници на социјална помош), за останатите мерки за евидентирање на корисниците се користи само нивниот матичен број од изводот на родените. Оттука, еден од проблемите за да се има подобра евиденција е недостатокот на меѓусебна врска, со податоците кои ги имаат центрите за вработување и центрите за социјална грижа. Општо, корисниците имаат потреба од поголемо подобрување на вештините и здобивање со работно искуство кои во многу случаи се наведени како услови за вработување. Исто така, потребно е поголемо активирање на жените, особено на оние кои се дел од помалите етнички заедници."

Претставничката од Центарот за социјална работа ги истакна нејзините видувања во врска со пречките за поголемо активирање на корисниците на социјална помош:

„Бројката на работни места на пазарот на труд е ограничена. Треба да се додаде и тоа дека општините не ги ангажираат корисниците на социјална помош. А ние како Центар за социјална работа немаме овластувања поврзани со мерките за активирање."

Претставник од Министерството за труд и социјална политика истакнува дека корисниците на социјална помош немаат капацитет за да бидат опфатени со понудените активни мерки:

„Моменталната понуда на мерки за активно вработување не може да ги опфати корисниците на социјална помош затоа што повеќето од нив се лица без или со ниски образовни квалификации. Поради тоа тие се заглавени во системот за социјална заштита. Ограничена е поддршката на корисниците на социјална помош од страна на социјалните служби. Службите ги има во градовите, но комплетно се исклучени руралните средини. Општата политика е насочена кон овозможување социјална поддршка преку парични трансфери, а не преку социјалните служби."

Самите корисници истакнаа бројни предизвици во врска со нивното активирање:

> „Луѓето стануваат апатични при остварување на своите права."

- млад невработен

„Без разлика на платата, немаме сигурност. Немаме работа, а камоли просперитет.“

-млад невработен

„Немаме апослутно никаква претстава за владините мерки за вработување. Не сме информирани, само нѐ информираат кога треба да излеземе на избори и да гласаме.“

- Ром

Според претставниците на граѓанските здруженија постои потреба од понуда за наменско активно вработување:

„Постои потреба од дополнителна обука за работоспособните корисници за да можат да аплицираат за различни работни места.“

„Постои потреба од дополнителни мерки за вработување на младите, но исто така и мерки за вработување на повозрасните работници кои подолго време се невработени.“

„Според моето мислење, некомпетентноста на вработените во Агенцијата за вработување претставува голем предизвик при инклузијата на луѓето во активните мерки за вработување. Тие само административно си ги исполнуваат обврските, без вистински да допрат до луѓето на кои им се потребни овие мерки.“

„Потребни се мерки создадени според потребите и способностите на граѓаните, а ќе бидат придружени и со помош и со услуги кои ќе им овозможат обука и вклучување на пазарот на трудот.“

„Активирањето на корисниците на социјална помош е долготраен проблем за кој немаат систематски насоки или пристап. Имаме проблем на социјална ексклузија на корисниците на социјална помош која е делумно резултат на самоисклучување, а делумно резултат на дискриминација од општеството.“

Сите од интервјуираните експерти, како и дискутантите од фокус-групите се сложија за потребата од реформи на постоечката политика за социјална помош и ги дадоа своите размислувања во насока на реформите.

Претставник од Министерството за труд и социјална политика истакна:

„Постои потреба од реформи во политиката за социјална заштита. Позицијата на корисниците на социјална помош треба да се подобри не само во однос на финансиската поддршка, туку и во пристапот кон услугите. Подоброто следење за користењето на социјалната помош треба да биде проследено и со законски утврдениот минимален приход, кој би бил во колерација со статистичката проценка за трошоците потребни за потрошувачката кошница. Поддршката на социјалните услуги од страна на граѓанските организации на локално ниво, исто така треба да биде позастапена и повидлива.“

Претставникот од Центарот за социјална работа потенцира:

„Секако дека се потребни реформи. Треба да се зголеми висината на социјалната помош, а потребна е и помош во однос на храната. Што се однесува до останатите трошоци, особено облеката, постои поддршка преку донации.

Претставнците на граѓанските организации ги дадоа своите видувања:

„Мој предлог е да се намалат таксите за поголемите компании кои ќе вработат корисници на социјална помош.“

„Постои потреба од услуги за поддршка во периодот од активно барање работа и справување со сиромаштијата. Потребно е вклучување на поголем број професионални

социјални работници кои ќе се грижат за корисниците и нивните семејства, со што ќе се зголемат нивните можности за обука, вработување и социјални вештини."

„Центрите за социјална работа треба да имаат поголема професионална улога во одредувањето и поддршката на корисниците на социјална помош, а не само строго да се држат до бирократските процедури кои не ги претставуваат граѓаните."

Конечно, корисниците на социјална помош истакнаа што сметаат дека треба да се смени во врска со нивниот статус и услугите:

„Ни требаат услуги и приходи кои ќе ни овозможат нормален живот."

„Ни треба бесплатна училишна опрема и поддршка за нашите деца."

„Според мене, потребни ми се 10.000 МКД (162 евра) да го преживеам месецот."

„Ни треба социјално домување за да ги имаме основните хигиенски потреби, како и струја и вода."

„Луѓето од центрите за социјална работа треба почесто да нè посетуваат за да видат што ни треба и како се справуваме."

„Освен социјалната помош, потребни ни се дополнителни пакети со храна и хигиенски производи."

Повеќето од консултираните лица го делат следниот консензус: Корисниците на социјална помош немаат бенефит од персонализираните и наменски услуги насочени кон нив, туку од мерките кои се насочени кон населението кое е загрозено или невработено. И покрај фактот што бенефитот од социјалната помош се гледа како последна опција, сепак нејзиниот обем, карактер и употреба треба да бидат структурирани така што ќе го подобрат животниот стандард, но и ќе ја подобрат интеграцијата на нејзините корисници во оштеството како целина. Многу елементи од програмата за социјална помош треба да бидат редефинирани. Во однос на остварување на правото, системот треба повеќе да се фокусира на пристап кој се темели на потребите. Со фокусирање на потребите можеби ќе се допре до категориите кои имаат одреден капацитет или средства/извори, но немаат пристап до услугите и бенефитите поради други причини како што се: културните фактори, стигматизацијата, јазичните бариери и просторната оддалеченост. Мерките за активирање треба да бидат комплементарни со финансиската помош, но и да бидат структуирани како индивидуален договор помеѓу примателот и социјалните работници. И на крајот, висината на социјалната помош треба да биде повисока од утврдениот праг на сиромаштија за да им овозможи на примателите подостоинствен животен стандард.

## 5. Предложени идни чекори и препораки за да се подобри адекватноста, покриеноста и/или опфатот со шемите за минимален приход

Со цел да се надминат споменатите пречки, како и да се подобри системот за социјална заштита во земјата, Македонската платформа против сиромаштијата во наредниот период ќе ги фокусира своите активности кон следниве приоритети:

### АДЕКВАТНОСТ:

- Ќе предложи измени за заштита на социјалната помош (во облик на нов концепт/код за социјална заштита) кои ќе промовираат зголемување на висината на социјалната помош, која ќе претставува соодветен приход за нејзините корисници, со што ќе им се овозможи излез од ризикот од сиромаштија. Висината треба да биде помала од висината на минималната плата, но повисока од утврдениот праг на сиромаштија. На оваа тема заеднички ќе се работи со Институтот за отворено општество – Македонија.

- Ќе предложи подобар пристап до квалитетни услуги насочени кон корисниците на социјална парична помош, поврзана со: олеснување на пристапот до образованието за децата на корисниците на социјална помош (од условениот кеш трансфер до стипендии на универзитети), обезбедување бесплатно здравствено осигурување за сите корисници на социјална помош (за сите нивни деца, без разлика на тоа дали имаат документи за идентификација).

## ПОКРИЕНОСТ И ОПФАТ СО ШЕМИТЕ ЗА МИНИМАЛЕН ПРИХОД

- Да се овозможи пристап до шемите за социјална помош за сите со оддалечено или рурално место на живеење, а се без приходи. Ова може да се реализира преку ПАТРОЛНА СОЦИЈАЛНА РАБОТА во општините што ќе овозможи посети и пристап до условите на ранливите семејства кои живеат во оддалечени и рурални средини.

- Предлог-измени на сегашните процедури за социјална помош според кои се бара лична карта при аплицирање за социјална помош. Промената ќе бара флексибилност за лицата без документи за идентификација за да им се овозможи социјална помош во текот на транзициониот период додека не им се издадат потребните документи.

- Предлог-измени на сегашните процедури за социјална помош според кои апликантите за социјална помош треба да платат за одредени документи (Агенција за катастар за недвижности, Управа за јавни приходи итн.). Кампањата ќе вклучи барања за бесплатни документи, односно документи кои ќе ги обезбедат самите власти од социјалниот и јавниот сектор.

## АКТИВИРАЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ НА СОЦИЈАЛНА ПОМОШ:

- Подигање на свеста за создавање и обезбедување податоци поврзани со опфатот на корисниците на социјална помош со активните мерки за вработување. Овие мерки заеднички треба да ги обезбедат Агенцијата за вработување и центрите за социјална работа.

- Кампањи кои ќе промовираат поголемо активирање на корисниците на социјална помош. Квотата за ранливите невработени лица треба да се зголеми, а општините треба да имаат поголема улога во финансирањето и обезбедувањето на овие активни мерки.

- Промоција за активирање на пасивните невработени лица. За оние кои се регистрирани како пасивни невработени лица треба да се обезбедат можности за користење на активните мерки за вработување, на пример, во облик на образование кое ќе им овозможи писменост или пак довршување на основното, односно средното образовани

Референци:

Агенција за вработување (2013) Статистики за невработени лица според националност, ww.avrm.gov.mk

Борнарова С. и Геровска-Митев, М. (2009) Social Exclusion, Ethnicity and Older People, Skopje: Faculty of Philosophy.

Caminada, K. and Goudswaard, K. (2009): "Social expenditure and poverty reduction in the EU15 and other OECD countries", Munich Personal RePEc Archive.

http://mpra.ub.uni-muenchen.de/20138/

Gerovska Mitev (2012) Material deprivation, poverty and social exclusion among households in Macedonia, Skopje: Friedrich Ebert Foundation.

Hagenaars, A.J.M (1986) The Perception of Poverty, Amsterdam: North Holland.

Министерство за труд и социјална политика (2014) Оперативен план за активни мерки за вработување 2014, www.mtsp.gov.mk

Министерство за труд и социјална политика (2011) Национални планови за активно вработување 2011-2013, www.mtsp.gov.mk

Министерство за труд и социјална политика (2013) Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната ексклузија во Република Македонија (ревидирана 2010-2020)

http://www.mtsp.gov.mk/?ItemID=BD66FCC3A7FBCB47AB9150CBFECD2C96

State Statistical Office Republic of Macedonia (2014) Laeken poverty indicators in 2011, News Release 4.1.14.02, Year LII, www.stat.gov.mk

The World Bank World Bank (2008) SPIL – "Review of the Social Protection System in the Republic of Macedonia", Skopje: World Bank Project.

The World Bank (2012) Activation and Smart Safety Nets in FYR Macedonia: Constraints in Beneficiary Profile, benefit Design and institutional Capacity, Western Balkans Activation Study Team, Skopje, The World Bank.

Интервјуа со експерти:

Ирена Тодоровска, Министерство за труд и социјална политика

Пенка Николовска, Центар за социјална работа, Скопје

Биљана Петрушевска, Агенција за вработување во Република Македонија

Фокус-групи:

Дискусии со претставниците од фокус-групата на корисници на социјална парична помош:

Број на учесници – 7 корисника на социјална парична помош

Дискусии со претставниците од фокус-групата на граѓански здруженија

Број на учесници – 5 претставника од граѓански здруженија

Дискусии со претставниците од фокус-групата на Роми:

Број на учесници – 10 Роми